бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# Упатство за регистрација и доделување овластувања

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Содржина

1. РЕГИСТРАЦИЈА И ОВЛАСТУВАЊА ....................................... 3
1.1. Регистрација на корисници ....................................... 3
1.2. Избор на корисничка сметка (спојување на повеќе активни кориснички сметки) ....................................... 3
1.3. Регистрација на физичко лице ....................................... 4
1.4. Регистрација на правно лице ....................................... 5
1.5. Доделување на овластувања ....................................... 6
1.6. Доделување овластувања на сметководствено биро од правно лице ....................................... 9
1.7. Доделување овластувања од сметководствено биро на физичко лице ....................................... 10

# 1. РЕГИСТРАЦИЈА И ОВЛАСТУВАЊА

## 1.1. Регистрација на корисници

Системот Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ нуди повеќе типови на регистрација на корисници. Регистрацијата на корисник – правно лице или СВД започнува со пријавување преку едношалтерскиот систем, при што на системот се креира корисничко име на обврзникот и официјалната е-пошта. Регистрација на корисник – физичко лице се врши директно на системот. Доколку регистрацијата е успешна, на корисникот му се доставува електронска порака со опција за подесување на лозинката. Со самото поставување на лозинката корисникот станува активен и може да се најави во системот со соодветното корисничко име и лозинка.

## 1.2. Избор на корисничка сметка (спојување на повеќе активни кориснички сметки)

Новиот систем Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ не дозволува корисникот – физичко лице да има два или повеќе активни кориснички профили. Од тие причини, корисникот – физичко лице треба да избере со кој кориснички профил ќе се најавува во иднина на системот Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ, притоа имајќи предвид дека на избраниот корисничкиот профил УЈП автоматски ќе му ги префрли сите досегашни односно постојни овластувања доделени од други лица (правни или физички) во нивно име и за нивна сметка корисникот – физичко лице да работи во новиот систем.

Доколку во стариот систем Е-ПДД, корисникот – физичко лице имал два или повеќе активни кориснички сметки (профил), на пример: еден профил како физичко лице - граѓанин и втор профил како овластено лице од правно лице, при најава на новиот систем Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ (e-ujp.ujp.gov.mk) на корисникот – физичко лице ќе му се појави следното прозорче за ИЗБОР НА КОРИСНИЧКА СМЕТКА:

ПРИМЕР:




*Корисникот – физичко лице има два регистрирани профили во Е-ПДД и тоа:*
*- petkopetkovski@gmail.com (активна приватна е-пошта на физичкото лице);*
*- petkopetkovski@obvrznik.com (активна службена е-пошта на физичкото лице во компанијата каде во моментот работи)*

*Во ваков случај корисникот - физичко лице само при првата најава на новиот систем Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ треба да ја избере активната приватна е-пошта како корисничко име бидејќи корисничкото име е неменливо во системот. Ова од причина што службената е-пошта не треба да се користи за регистрација на физичко лице како корисник во системот Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ, бидејќи доколку физичкото лице ја напушти фирмата нема да има пристап до електронските даночни услуги со таа е-пошта и нема да биде во можност истата да ја користи односно да добива нотификации од УЈП.*

Со избраниот кориснички профил, корисникот – физичко лице ќе треба да се најавува во иднина на системот Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ (e-ujp.ujp.gov.mk).

**ПРЕПОРАКА НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ Е КОРИСНИКОТ - ФИЗИЧКО ЛИЦЕ КОЈ ШТО ИМА ПОВЕЌЕ ПРОФИЛИ НА Е-ПДД ДА ГО ИЗБЕРЕ КОРИСНИЧКОТО ИМЕ СО ЛИЧНА, ВАЛИДНА И АКТИВНА Е-ПОШТА, ОДНОСНО Е-ПОШТАТА СО КОЈА ИСТИОТ СКЕНИРА ФИСКАЛНИ СМЕТКИ ВО АПЛИКАЦИЈАТА МОЈДДВ.**

Известуваме дека корисникот - физико лице како овластено лице од други лица (физичко или правно), односно за службени цели ќе има опција да определува и друга службена е-пошта која ќе биде исклучиво за добивање нотификации од страна на УЈП поврзани со овластувањата доделени од други лица.

Во случај да му се одземат овластувањата на корисникот – физичко лице како овластено лице од страна на друго правно или физичко лице, тогаш корисникот – физичко лице ќе може да продолжи со работа на системот Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ со корисничкото име (активна приватна е-пошта на физичкото лице како што е прикажано во примерот) на која повторно ќе може да му се доделуваат овластувања од други лица за работа во системот Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ.

## 1.3. Регистрација на физичко лице

Екранот за регистрација на физичко лице е следниот:



Откога ќе се пополнат сите податоци кои се задолжителни како и податокот дали корисникот ке дозволи овластувања од други лица (физички и правни), се прави контрола дали корисникот веќе постои или веќе е регистрирана електронската пошта.

Доколку нема таков корисник, на наведената е-пошта, по притискање на копчето испрати код, се добива код за верификација.




Откога ќе се внесе кодот во соодвеното поле и ќе се притисне копчето Регистрирај се, корисникот добива порака на назначната е-пошта во која се содржи барањето за регистрација кое треба да биде одобрено на шалтер во најблиската даночна канцеларија на УЈП.




## 1.4. Регистрација на правно лице

Регистрацијата на правно лице започува со внесување на даночен број и електронската пошта пријавена при регистрација на истото преку едношалтерскиот систем, при што е проверува дали внесените податоци соодветствуваат на податоците во системот.




Откога ќе се одбере копчето потврди, правното лице добива порака на пријавената електронска пошта каде што треба да ја потврди регистрација и да постави лозинка.




Со тоа, правното лице е регистрирано како корсник.

## 1.5. Доделување на овластувања

Овластувања на други лица дава администраторот на правно лице односно овластеното лице преку опцијата за овластувања. Оваа опција е достапна на секој корисник во системот.







Преку опцијата Овластувања До се врши доделување или одземање на овластувања и преглед на доделени/одземени овластувања...

Со избор на опцијата Додели овластувања се отвора нов екран во кој се внесуваат овластувања за нови корисници.



бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Со избор на тип на корисник (овластено лице за правно лице, сметководствено биро – правно лице, ...) всушност се избираат овластувањата кои му се доделуваат на корисникот.

Следниот чекор е избор на опција ЕДБ или ЕМБГ во зависност од типот на корисникот.




Во случај да се избере опцијата ЕМБГ треба да се внесе ЕМБГ на лицето кое се овластува, како и неговото корисничко име. Во случај кога комбинацијата ЕМБГ/корисничко име постои во системот, корисникот со наведеното корисничко име добива порака на својата е-пошта со опции за прифаќање односно одбивање на доделеното овластување. Во случај на прифаќање, корисникот при најава ќе може да ги гледа и/или внесува податоците за кои е овластен за соодветното правно лице. Во случај кога комбинацијата ЕМБГ/корисничко име не постои, овластеното правно лице потврдува дали сака да се креира корисник со соодветното корисничко име за соодветниот ЕМБГ. По потврдата, корисникот добива порака на адресата која е иста како корисничкото име.
Во пораката, корисникот има опција за прифаќање или одбивање на овластувањето.


Почитуван(а),

Оваа порака Ви е испратена за да прифатете или одбиете да бидете овластени.
Со следење на линкот за потврда ќе можете да го прифатете или одбиете барањето за овластување.

Доколку 'линкот за потврда' наведен погоре не функционира, ве молиме копирајте ја следната интернет адреса во интернет пребарувач.

http[redacted]




Доколку го прифати овластувањето, му се појавува опција за подесување на лозинката. Со подесување на лозинката, корисникот може да се најави во системот.

## 1.6. Доделување овластувања на сметководствено биро од правно лице

Во случај кога ќе се избере тип на корисник – сметководствено биро-правно лице, во полето ЕМБГ/ЕДБ се внесува ЕДБ на сметководственото биро кое се овластува, доколку истото е веќе регистрирано како корисник во системот. Во долниот дел од екранот се појавуваат овластувањата кои може да му се доделат на корисникот. Некои овластувања се доделени со самата регистрација на системот како стандардни.




Со потврда на избраните податоци, на корисникот (Сметководственото биро) му пристигнува порака на е-пошта со опција за прифаќање или одбивање на овластувањата.

бул. „Кузман Јосифовски - Питу“ бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk


From St[redacted]
To [redacted]
Subject Fwd: Потврди/Одбиј овластување за работа на системот е-Даночни услуги на УЈП

Reply | Forward | Archive | Junk | Delete | More
26.10.2023, во 16:35

To protect your privacy, Thunderbird has blocked remote content in this message. Options

---------- Forwarded message ---------
From: <edanochniuslugi.noreply@ujp.gov.mk>
Date: Thu, 26 Oct 2023 at 16:35
Subject: Потврди/Одбиј овластување за работа на системот е-Даночни услуги на УЈП
To: <[redacted]

Почитуван(а),

Оваа порака Ви е испратена за да прифатите или одбиете да бидете овластено лице за работа на системот е-Даночни услуги на УЈП во име и за сметка на овластувачот [redacted] СКОПЈЕ .
Со следење на линкот за потврда ќе можете да ги прифатите или одбиете овластувањата за кои е поднесено барање од страна на овластувачот.

Доколку 'линкот за потврда' наведен погоре не функционира, Ве молиме копирајте ја следната интернет адреса во интернет пребарувачот.

[redacted]

Со почит,

Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ
Автоматска порака (no-reply)

Uprava za javni prihodi

Поддршка на корисници
Тел: 0800 33 000; 02/3253 200
е-пошта: info@ujp.gov.mk

Доколку се потврдат измените, се доделуваат одбраните овластувања на сметководственото биро и тие стануваат активни откога сметководственото биро ќе ги потврди по добиениот е-маил.




## 1.7. Доделување овластувања од сметководствено биро на физичко лице

Сметководственото биро може да ги пренесе доделените овластувања од правното лице на своите вработени на ист начин како во претходниот процес.

Кога ќе се најави сметководствено биро во опцијата пребарување на дадени овластувања има можност да додели овластување на физичко лице.

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk




Треба да се одбере тип на корисник, да се внесе ЕМБГ и корисничко име.

По проверката дали таков корисник постои во системот, се потврдува доделувањето на привилегиите.

Кога физичкото лице ќе потврди преку е-пошта, овластувањето станува активно.




На корисникот, по прифаќање на доделените овластувања, на системот е-Персонален данок ќе му бидат достапни менијата и привилегиите за кои има добиено овластувања.